Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Бр. 0201-332/5 30-05 2023 год. Велес

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговски друштва и член 36 од Правилата за котација на Македонската берза – Собранието на Друштвото за производство на крзно и крзнени производи АД Димко Митрев Велес со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94 – 1000 Велес на седницата одржана на 30.05.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар)**

Член 1

Согласно предлог одлуката за употреба и распоредување на нето добивката после оданочување остварена по годишната сметка за 2022 година, Собранието донесе одлука на Акционерите на друштвото да им се исплати дивиденда за 2022 година во бруто износ од 622.712 или нето износ од 423.924,оо денари поделена на сите акционери, или

во висина од по 9,54 денари нето, односно 10.60 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово по доставувањето на трансакционите сметки од страна на акционерите.

Член 2

Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2022 година да биде 09.06.2022 година.

Член 3

Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2023 година да биде 12.06.2023 година.

Член 4

Одборот предлага како датум на стекнување на право на дивиденда за 2022 година да биде 13.06.2023 година.

Член 5

Исплатата на дивидендата на акционерите ќе се реализира во законскиот предвиден рок заклучно со 30.09.2023 година

Член 6

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Одлука да се објави во два дневни весника на територијата на РСМ и на веб страницата на друштвото – заради информирање на акционерите и доставување на трансакциони сметки од страна на акционерите до финансовиот сектор на друштвото заради нејзина реализација.

Собрание на Акционери на
Димко Митрев АД Велес
Претседавач
Никола Шоптрајанов

Велес
30.05.2023

Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев а.д. увоз-извоз Велес 1